# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „АГРОМЕНАЏМЕНТ“ ЗА СТУДЕНТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ОД ПРОФ. Д-Р ЕЛЕНИЦА СОФИЈАНОВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1202-72/3 од 154. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на ден 15.3.2018 година, избрана е Рецензентски комисија во состав:

– д-р Ристо Фотов, редовен професор, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
– д-р Трајан Дојчиновски, редовен професор, Факултет за биотехнички науки при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола.

за подготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„АГРОМЕНАЏМЕНТ”** од **проф. д-р Еленица Софијанова,** наменет за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Агроменаџмент” од проф. д-р Еленица Софијанова е конципиран и пишуван според Наставниот план и програма за предметот Агроменаџмент, кој се изучува како задолжителен предмет на студиите од првиот циклус на ниво на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, во втора година, втор семестар, како задолжителен предмет со неделен фонд на часови 2+2+1 и носи 6 кредити, вкупно 156 кредити. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на ова учебно помагало во вид на учебник по предметот Агроменаџмент, е претставен во текст од вкупно 156 страници, со 31 слики, 12 табеларни прикази и над 90 литературни извори користени во изработка на истиот.

Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за учебник и кореспондира со бројот на часови на предметот Агроменаџмент за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебник што обработува иста содржина на УГД досега не е објавен. Нормално материјата од некои поглавја помалку или повеќе е застапена и во некои други учебници од областа на менаџментот, меѓутоа како целина и начин на обработка на материјата ракописот е автентично оригинално, научно дело.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик. Материјата е конципирана во неколку поглавја и тоа: *Прв дел:* Вовед, основи на менаџментот во агробизнисот; *Втор дел:* Спецификации на земјоделството и агроменаџментот; *Трет дел:* Типови на земјоделски организации; *Четврти дел:* Индивидуални земјоделски стопанства; *Петти дел:* Економски принципи на менаџментот и здружените земјоделски организации; *Шести дел:* Менаџери во земјоделските организации;

*Седми дел:* Планирање во агробизнисот; *Осми дел:* Организирање и раководење во агробизнисот;*Деветти дел:* Координирано контролирање во агробизнисот;*Десетти дел:* Одлучување и мотивација во агробизнисот;

Во *првото поглавје* е даден краток вовед за менаџмент, основните аспекти на агроменаџментот. За подобро разбирање на менаџментот како процес се објаснети основните поими, организација, ресурси, ефективност, ефикасност. Менаџерот треба да обезбеди организацијата да ја извршува својата основна намера, а тоа е ефикасно производство на конкретни земјоделски производи или услуги. Објаснети се менаџерските нивоа и развивањето на менаџерските способности преку кои ќе се реализираат организациските цели.

Во *второто поглавје* акцентот е ставен на спецификите на земјоделството, како систематско одгледување на корисни растенија и животни со помош на човечката активност, тоа е најстарата дејност на планетата. Земјоделството, вршејќи ја основната функција за човекот и неговото преживување, низ општествените и историско-географските етапи, аналогно се преобразувало и моделирало, создавајќи комплементарна функционалност во општествените врски. Во спецификите на земјоделската дејност се вбројуваат уште неколку карактеристики, чистата природна околина која изобилува со чист воздух и чиста средина, земјоделски активности кои се одвиваат на отворен простор, на сонце, на летните горештини и зимските студови, на суша, влага, ветрови, сменување на сезоните и времето, земјоделството е фундаментално различна производствена активност од преработувачката активност, има базична функција, затоа што е дејност преку која се произведува храна со која се задоволуваат основните биолошки потреби на човекот.

*Третото поглавје* ги опишува различните типови на земјоделски организации, како што се заеднички вложувања, оперативни договори, партнерства, корпорации, друштва со ограничена одговорност и кооперативи. Секоја од овие организации има животен циклус кој минува низ четири фази: влез, раст, консолидација и излез.

*Четвртото поглавје* дава преглед на индивидуалните земјоделски стопанства, рурално-социолошки категории и термини, земјоделските задруги како доброволна организациска форма, нивниот обем и видови во зависност од реализираните активности, условите за основање, како и финансиската поддршка за истите. Исто така, објаснети се потребата и чекорите за формирање на земјоделската задруга, како и законските норми и процедури за делување.

*Петтото поглавје* дава опис на економските принципи на менаџментот на здружените земјоделски организации, објаснети се производните функции, законот за компаративна предност во земјоделството, како и принципите на комбинирање на инпути на земјоделските производи. Во услови на ограничени површини на земјоделско земјиште, капитал и некои други инпути, производството на еден производ може да биде супституирано само со намалување на производството на друг производ. Потребна е комбинација од земјоделски производи преку кои ќе се максимизира профитот на стопанството.

*Шестото поглавје* дава опис на менаџерските функции кои се множество активности, преку кои се извршуваат одредени функции, со цел на поефикасен начин да се обезбедат и распоредат човечките потенцијали и физички ресурси. Менаџерот планира, организира, раководи и контролира во земјоделската организација. На сите нивоа во хиерархијата на менаџирањето, ефективен менаџмент се подразбира донесување на квалитетни одлуки и успешно лидерство со сите четири функции.

*Седмиот дел* претставува надополнување на претходното поглавје со опис на планирањето како прва менаџерска функција. Доколку менаџерите немаат јасни цели и планови, не можат на вработените да им овозможат тие да го искористат својот потенцијал, а организацијата нема да биде проактивна. Во земјоделските организации целите и плановите претставуваат главен концепт. Целта е дефинирана како идна состојба што организацијата има намера да ја достигне, а планот претставува нацрт за достигнување на целта и нагласува каква алокација на ресурсите, распоредите и задачите и други активности е потребна.

*Осмото поглавје* дава детален опис на организирањето и раководењето во агробизнисот. Организирањето се однесува на утврдување на работата, групирање на

работите, дефинирање и делегирање на одговорноста и авторитетот и создавање односи помеѓу менаџерите и другите вработени. Објаснет е процесот на диференцијација , како и процесот на интеграција, како и организациската структура, која е збир на задачи на поединци и на одделенија, формални односи на известување и канали на комуникација кои ги водат активностите на луѓето што работат заедно. Специјализација на работата, понекогаш наречена поделба на работата, е степенот до кој организациските задачи се поделени во посебни работи. Тоа го прави менаџерот, при што потребна е одговорност и авторитет, а тоа е формалното и легитимно право на менаџерот да донесува одлуки, да дава наредби и да алоцира ресурси за да постигне исход кој е посакуван од организацијата.

*Деветтото поглавје* се надоврзува на претходните и дава објаснување за координираното контролирање во агробизнисот, како последна менаџерска функција. За ефикасно да се контролира една организација, менаџерите треба да одлучат кои информации се од суштинско значење, како тие ќе ја добијат таа информација (и да ја споделат со вработените) и како тие можат и треба да одговорат на неа. Менаџерите поставуваат контролни системи кои се состојат од четири клучни чекори, како што се воспоставување на стандарди, мерење на ефикасноста споредување на перформансите со стандардите, како и правење на корекции, ако е потребно. Во секоја организација, менаџерите треба да гледаат колку добро организацијата работи финансиски. Финансиските извештаи ги обезбедуваат основните информации кои се користат за финансиската контрола на една организација. Тоа се согледува преку билансот на состојба и билансот на успех, како два базични финансиски извештаи.

*Десеттото поглавје,* исто така, е многу значајно во менаџирањето со агробизнисот е одлучувањето. Тоа е процес со кој менаџерите реагираат на можностите и заканите со кои се соочуваат, преку анализирање на опциите и донесување на решенија или одлуки за специфични организациски цели и насоки на акција. Условите на одлучување може да бидат разновидни, во зависност од расположливите информации. Тие може да бидат: извесност, ризик и неизвесност. Областа на слободниот избор е на спротивната страна од скалата и се однесува на однесувањето за кое законот нема збор индивидуата и организацијата ужива целосна слобода. Помеѓу овие две области се наоѓа етиката. Етиката може подобро да се разбере кога ќе се спореди со однесувањата раководени од законот и слободната. Човековото однесување може да се стави во три категории област на кодифициран закон (законски стандард), област на етика (социјален стандард) и област на слободен избор (персонален стандард). Етиката се справува со внатрешните вредности кои се дел од организациската култура и ги обликува одлуките вклучувајќи ја социјалната одговорност со почит кон надворешната околина. Деловната етика секогаш се однесува на донесувањето на одлуки, а некои предмети тешко се решаваат. Етичките дилеми се јавуваат во ситуации кои го вклучуваат доброто и лошото, кога вредностите се во конфликт. Силата која е присутна за надминување на конфликтните состојби се нарекува мотив. Мотивацијата ги претставува силите кои доаѓаат од нас или од околината и будат ентузијазам и упорност во одреден правец на дејствување. Со мотивацијата се влијае врз вработените, а дел од работата на менаџерите е вработените да бидат мотивирани за да ги достигне целите на компанијата. Мотивот е дефиниран како внатрешна состојба која дава енергија, активира и движи и која насочува или канализира однесување кон целите. Мотивацијата е процес во кој однесувањето е поттикнато, активирано и канализирано кон остварување на целите.

*Цитираната литература* која е користена за пишување на овој учебник е современа, изобилува со позитивни практики за менаџирање, корисни за идните читатели на овој учебник.

## ЗАКЛУЧОК

Материјата обработена во ракописот од учебникот со наслов „Агроменаџмент“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Агроменаџмент за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Според начинот на елаборирање на материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на учебник поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип во совладувањето на овој предмет, како и на секој што има желба и сака да се запознае поблизу со агроменаџментот.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ракописот „Агроменаџмент” од проф. д-р Еленица Софијанова да биде издаден како учебно помагало – учебник за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Ристо Фотов, с.р.**
**Проф. д-р Трајан Дојчиновски, с.р.**